# 1.

Има три големи дрвја, раскошно разгранети како тродимензионална пајажина, со полумумифицирани, делумно скапани муви, кои, за разлика од древноегипетските мумии, никогаш нема да ја имаат привилегијата да се најдат во центарот на интересот на некој си научник со некрофилска желба за набљудување трупови. Гадно! Мораше ли да заобиколувам уште на самиот почеток? Можев да почнам директно со неа! А таа живее во една пристојна населба на километар од центарот на градот. Затоа ги споменав и дрвјата. Нивното присуство е осуштествено во близина на зградата во која живее. Не многу посебна, дванаесеткатна кула со избледена портокаловост на фасадите и сива боја што полуприсутно го привлекува човечкото око и некако си се надополнува со дрвјата, но за разлика од нив, овде ни најмалку не се умесни споредбите со пајакови мрежи што ловат мумии. Единственото нешто што ми паѓа на памет е расчеречено, огромно крзно од мамут, заковано со `рѓосани клинци во црните дупки на воздухот. Не сум дури ни сигурен дали мамутите имале баш таква боја, но не е ни важно, важно е моменталното искуство, она што ти доаѓа во мигот.

Ништо од ова немаше да биде релевантно во контекстот, ако на третиот кат не живееше Клара. Грешите ако името ве наведе да помислите дека се работи бразилска советничка во Министерството за туризам, а нема да погодите ни ако претпоставите дека е шпанска одбојкарка што од професионални причини се доселила во градот. Иако, објективно гледано, со својата висина од 183 см и прекрасно градените тело нагласено со сочните гради, убавото лице и цврстиот, инспиративен задник, навистина личи. Ако не на Шпанка, тогаш барем на одбојкарка. Но не е. Ниту Шпанка, ниту одбојкарка.

Во врска со нејзиното име постои една анегдота, која е чиста вистина, но од немајкаде ми доаѓа да кажам токму анегдота. Корените на оваа потполно точна приказна започнуваат во 1949 г., кога нејзината баба имала 27 години, сопруг со надежна кариера и доенче на градите. Ова е веќе нешто морничаво:

наспроти убавината што ја имала в раце, главата не ѝ била сосема во ред. Речиси воопшто не. Полудела за неполни три дена. Се разбудила во пот од кошмарниот сон што од корен ѝ го изменил животот. Како што упорно тврдела, сонувала дека е вонбрачна ќерка на Хитлер, која идниот, односно сега веќе бившиот фирер, успеал да ја зачне за време на Првата светска војна, кога еден австроунгарски одред незабележително влегол во малото планинско селце и тогашниот каплар ја силувал нејзината мајка.

Сонот бил толку впечатлив, што добил широк одѕив во целото скопско маало; се разбира, роднините и соседите веднаш заклучиле дека полудела, а неискусните лекари во психијатриската барака утврдиле дека станува збор за обична постпородилна депресија, иако не ми е баш јасна врската помеѓу таквата дијагноза и тоа што го тврдела. Освен тоа, нејзината визија имала барем два сериозни, непоправливи недостатока. Како прво, иако Австриец, тогашниот каплар се борел во редовите на Германската Империја и му служел на кајзерот, а како второ, 1922. не е баш најсоодветна година за врамување во Првата светска војна.

„Другарке Мила, 1922. не е најсоодветна година за Првата светска војна. Те молам, сфати, теоретски е невозможно. Нема логика... Нема. Покрај тоа, во согласност со нашето социјалистичко учење, кое во секој поглед ја отфрла метафизиката како заоставштина на мрачното средновековје и отсуството на образование...“

„Какво образование! Носете се со тоа ваше мрачно средновековје, стовековје!“ – бесно светкала со очите таа. „Знам, многу убаво знам што треба да правам. Чувствувам, ме сфаќаш, овде чувствувам, другар уважуван докторе. Се разбравме?“

Збунетиот доктор несмасно ја тргнал раката што насила ја прилепила на неговото колено, па криејќи ја својата ерктирана сексуалност, ѝ препишал лек за смирување, по 10 капки трипати на ден, мирување и патување. Препишаното патување го сфатила сериозно. Исчезнала во искрите на една молскавична зора, со куферче в раце, неизвесна сума златници и очи насолзени од мртвиот стаорец целосно преполовен со секира во

шпајзот. Сумата златници потоа станала извесна, точно триесет, но низ населбата почнале да се шират гласини дека не се работело за златници, туку за сребреници.

„Ги продала за триесет сребреници. Своето сопствено семејство. Проклета нека е!“ – со завист ѝ зборувала една сосетка на друга, пивнувајќи од филџанот за кафе, ракија позајмена од скришното буренце на сопругот алкохоличар.

Како и да е, се сметало за факт дека успеала да ја напушти земјата жива и здрава. А наскоро по нејзиното таинствено исчезнување, властите почнале да се сомневаат во нејзината психичка неурамнотеженост. Народниот комесар за безбедност дошол до своевидно откровение и, повикувајќи се на некои „веродостојни извори“, заклучил дека таа го исценирала своето лудило, па одвлекувајќи го вниманието од себе, нелегално ја поминала југословенската граница и се упатила кон Советскиот Сојуз, чиј шпион била веќе со години. Таму, во едно огромно здание, во еден раскошен кабинет, официјално ја пречекал скромен херој од Битката за Берлин, љубезен младич со жолта коса и чудно презиме, карактеристично за Запорошките Козаци.

„Добредојдовте во Москва, другарке Маркова, јас сум полковник Павел Василевич Дудула, но насамо слободно викајте ме Паша. Повелете, седете, си зедов слобода да Ви сварам кафе. Знаете, другарот Сталин има згуснат распоред, но Вас ќе може да Ве прими сосема наскоро, за точно 6 часа и 3 минути.“ Откако низ пријатен разговор го испиле кафето, тешката врата крцнала и обајцата станале.

Влегол Руденко и суво ѝ се претставил, а таа сета возбудена, храбро се впуштила во разговор со него. „Другар Руденко, верувам дека сте оној истиот со кого комуницирав преку шифрираните пораки.“

„Мислам дека правилно верувате другарке Маркова, но повеќе ништо не можам да Ви потврдам“, одговорил тој со вообразена смиреност, стуткана во борите на неговото средовечно лице.

Набргу разговорот добил една нова, поконспиративна димензија. Имено, по десетина минути, Руденко му дал знак на Дудула да ја напушти просторијата, за да можат тие двајцата сами да дискутираат за шпионската преписка, и што е уште

поважно, психолошки да ја подготви за претстојната средба со другарот Сталин. Иако, тешко дека тоа може да се нарече психолошка подготовка. Бидејќи...

„Другарке Маркова, мислам дека добро ќе Ви дојде уште една чашка самогон. Знаете, зимите овде се безнадежно сурови и уверен сум, во интерес на Вашето здравје, дека нема да Ви пречи. Напротив...“Таа невешто му ја подала празната чашка и гласот неочекувано ѝ скокнал: „Самогон? Сега се чувствувам глупаво! Зар не пиевме вотка?“ Руденко повлекол од дебелата пура, се прокашлал, си ја ставил левата рака на челото, а десната демек случајно му паднала на нејзиното колено. „Вотка? Таа нема ваква боја. Очигледно никогаш не сте пиеле...“„Имам пиено... ракија, неколкупати, но инаку не пијам...“, пропелтечила и, за чудо, нејзината збунетост се прерушила во срамежливо заведувачки поглед, навлажнет од раката, сè уште залепена на веќе разголеното колено.

Не сакам да навлегувам во деталите што следувале, бидејќи народниот комесар на Народна Република Македонија во својата верзија за исчезнувањето на Мила Маркова додал експлицитни сцени, кои би сакал да ги прескокнам. Накратко, откако имале секс во собата со директен поглед кон семоќното КГБ (анахронизмот овде е намерно употребен за да не внесувам забуни, тогаш комитетот имал друго име), таа, како од мајка родена, седнала до разгорениот камин, во кој догорувала и последната надеж дека некогаш повторно ќе си го види семејството.

„Молчите. Сакавте да ме прашате нешто? Не стеснувајте се, Ве молам“, повторно се прокашлал од штотуку запалената цигара.

„Си бил ранет... И сепак си одличен“, рекла тивко и срамежливо си ги облактила голите гради.

„Алудирате на тоа дека имам само еден тестис? Вие жените прво тоа го забележувате.“ Зловолно си го истегнал вратот, покажувајќи ја големата лузна на десната страна „Ова е од противтенковска граната и иако е многу повидливо, вие не му обрнувате внимание. Сте се фатиле за тестисот... Зошто мораше гранатата да биде баш противтенковска? Ниту сум тенкист, ниту... Леле, кај ме снајде!“